РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Бр. 02 - 1117/1
09.06 . 2021 годин
Скопје, "Даме Груев" - 4 тел. 3295-600
Поштенски фах 506, Телефакс 3111-336

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 24 став 1 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), в.д. директорот на Државниот завод за статистика донесе

# ПРОЦЕДУРА
## за уредување на постапката за лобирање во Државниот завод за статистика

## 1. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Во Државниот завод за статистика се донесува процедура за уредување на постапката за лобирање, со цел почитување на одредбите од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21).

Со оваа процедура се уредуваат правилата за:

- остварување и евиденција на контактите со цел лобирање;
- идентификување и евиденција на лицата кои остваруваат контакти во Заводот;
- транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики, односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото и
- проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија.

Лобирањето претставува активност со цел остварување влијание врз процесите на подготвување, донесување и изменување на:

- закони, подзаконски или други општи акти,
- јавни политики, односно програми што ги донесуваат органите кај кои се лобира.

## 1.1 ОСТВАРУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА КОНТАКТИТЕ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

Контакт со цел лобирање е посредна или непосредна комуникација со лицата кај кои се лобира, без оглед на локацијата каде таа се остварува, начинот и средството за комуникација кое се користи.

Лице кај кое се лобира во Државниот завод за статистика (во натамошниот текст:Завод), во смисла на член 2 од Законот за лобирање е директорот на Заводот.

Избрани и именувани лица не смеат да вршат лобирање додека им трае мандатот.

Лицето кај кое се лобира е должно да внимава да не се стави во состојба на судир на интереси при лобирањето, имајќи ги предвид целите на лобирањето кое го врши лобистот, односно лоби организацијата која го контактира.

Во случај на судир на интереси, лицето кај кое се лобира е должно да го прекине контактот и да одбие било каков понатамошен контакт со лобистот, односно лоби организацијата.

### 1.1.1 Остварување на контакти со цел лобирање

Барање за остварување на контакт со цел лобирање претставува секое усно/писмено барање за состанок или средба, телефонски контакт или контакт преку електронска пошта, насочено кон лицето кај кое се лобира во Државниот завод за статистика.

Лицето кај кое се лобира треба да ја утврди целта на бараниот контакт, при што по потреба може да побара повеќе информации за бараниот контакт.

Доколку од лицето кое ги контактира не ги добие податоците потребни за утврдување на целта на бараниот контакт, лицето кај кое се лобира го прекинува натамошниот контакт со тоа лице.

Кога лицето кај кое се лобира ќе утврди дека контактот е со цел лобирање, пристапува кон проверка на лицето кое го контактира и за таа цел бара лицето кое го контактира да достави податоци за идентификација како лобист или претставник на лоби организација, како и податоци за нарачателот на лобирањето.

Доколку лицето кое ги контактира не ги даде или одбие да ги даде податоците потребни за вршење на проверка, односно даде невистинити или нецелосни податоци за вршење на проверка, лицето кај кое се лобира го прекинува натамошниот контакт со тоа лице.

Проверката се врши преку споредување на податоците за идентификација, со податоците запишани во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Ако со извршената проверка се утврди дека лицето кое ги контактира е запишано во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање и има активен статус на лобист / претставник на лоби организација, лицето кај кое се лобира може да договори остварување на контактот со тоа лице, во определено време и на определено место.

Контактот за лобирање може да се оствари преку состанок/средба, телефонски повик, како и преку електронски средства (електронска пошта, интернет платформа за состаноци и слично).

При остварувањето на контактот со цел лобирање, лобистот/претставникот на лоби организацијата, може да даде податоци и информации за предметот на лобирање, усно или во писмена форма, како и да достави материјал кој се однесува на предметот на лобирање.

Лицето кај кое се лобира ќе го прекине контактот и ќе одбие натамошен контакт со лобистот, лоби организацијата или претставник на лоби организацијата кога ќе утврди дека постапува спротивно на одредбите од Законот за лобирање.

### 1.1.2 Лобирањето не се однесува на:

- судски или управни постапки,

- комуникација со граѓани во врска со остварување на индивидуални права,
- комуникација чие што објавување може да претставува закана по безбедноста на кое било лице или по безбедноста на државата,
- граѓанска иницијатива покрената согласно со закон,
- комуникација со синдикати, односно со претставници на синдикатаи кога ги застапуваат интересите на своите членови во преговори за условите за вработување и работа,
- комуникација меѓу службени лица во орган на законодавната власт, орган на извршната власт која ја остваруваат во рамки на својот делокруг на работни задачи, односно функции,
- комуникација меѓу именувани, односно назначени членови во тела формирани од орган на законодавната власт, органите на извршната власт за целите на разгледување, проценување и анализирање на прашања од јавната политика, заради известување на органите од телата од кои се формирани,
- комуникација со или во име на меѓународни организации и
- комуникација меѓу здруженијата и фондациите, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, со претставниците, односно органите на законодавната власт и извршната власт.

### 1.1.3 Евиденција на контакти со цел лобирање

Државниот завод за статистика води евиденција на контактите остварени со цел лобирање.

Евиденцијата на остварените контакти ја води лице од редот на административните службеници, определено од директорот на Заводот, односно Советникот за координирање на работењето на директорот.

Евиденцијата на контакти со цел лобирање се води на посебен образец, кој ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице кое остварило контакт со цел лобирање;
- Контакт информации за лобистот/претставникот на лоби организацијата;
- Име, презиме и функција на лицето кај кое се лобирало;
- Датум, место и начин на остварување на контактот;
- Предмет на лобирање и
- Други релевантни податоци.

Образецот за евиденцијата на контакти е составен дел од овој акт.

## 2. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛИЦАТА КОИ ОСТВАРУВААТ КОНТАКТИ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Покрај контактите остварени со цел лобирање, сите лица кои остваруваат контакти во Државниот завод за статистика треба да се идентификуваат и за истите се води евиденција.

Евиденција на контактите води лице од редот на административните службеници, определено со решение донесено од директорот на Заводот. односно Помладиот соработник за координирање на активностите на директорот.

За остварување на контакт со службени лица во Државниот завод за статистика, лицето кое е заинтересирано да оствари контакт е должно да се идентификува, односно да го наведе своето име и презиме и целта за која бара остварување на контакт.

Доколку лицето не ги наведе горенаведените податоци, лицето задолжено за водење на евиденцијата на контакти, ќе побара од лицето да ги даде бараните информации, а доколку не постапи по барањето, комуникацијата ќе се прекине.

Лицето задолжено за водење на евиденцијата на контакти, го информира директорот на Заводот за бараниот контакт. Директорот определува кое службено лице/службени лица ќе оствари/остварат контакт со барателот на контактот.

Лицето задолжено за водење на евиденцијата на контакти усно и преку електронска пошта го известува службеното лице кое е определено да оствари контакт со барателот на контактот, со наведување податоци на барателот и целта на бараниот контакт и се определува начин и време на остварување на контактот.

Контактот може да се оствари лично во просториите на Државниот завод за статистика, со телефонски разговор или преку користење на електронски средства (е-пошта, интернет платформа за состаноци и сл.).

При остварување контакт во службените простории на Заводот, лицето е должно да се идентификува со покажување документ за идентификација на службеното лице со кое се остварува контактот.

Евиденцијата на контакти се води на посебен образец, кој ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на барателот на контактот;
- Име, презиме и функција на претставникот/ците на Државниот завод за статистика кои учествувале на средбата/состанокот;
- Датум и начин на остварување на контактот;
- Цел на контактот и
- Други податоци.

Образецот за евиденцијата на контакти е составен дел од овој акт.

## 3. ПОДГОТВУВАЊЕ, ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ, ПРОГРАМИ, ЗАКОНИ, ПОДЗАКОНСКИ ИЛИ ДРУГИ ОПШТИ АКТИ

Државната статистика е стручна независна дејност која врз основа на научни основи, на корисниците (правни и физички лица) им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области.

Заводот, во рамките на своите надлежности, ги врши следниве стручни работи:

- ги координира активностите на државната статистика,

-ги подготвува и пропишува инструментите за статистичките истражувања (методологии, упатства, обрасци и друго.),

-ги подготвува националните статистички стандарди,
- прибира и обработува статистички податоци,
- врши анализа на статистичките податоци, подготвува статистички прогнози, трендови и модели,
- ги исполнува меѓународните обврски во областа на статистиката,
- ги утврдува потребите од статистичките податоци,
- ги чува и дисеминира статистичките податоци,
-координира при доставувањето на статистичките податоци на меѓународни организации,
- соработува со овластените носители кои вршат статистички истражувања од областа на државната статистика во рамките на својата надлежност,
- на овластените носители им дава мислење за методолошките основи,
- дава мислење при воведување на нови и при дополнување на постоечките збирки на податоци кои можат да бидат извор на податоци за државната статистика,
- пропишува организациско-технички мерки за заштита на доверливите податоци,
- дава иницијативи и предлози за содржинско дополнување на постоечките и на новите збирки на податоци кои согласно закон и Програмата се користат за статистичките истражувања,
- врши услуги во областа на статистиката за потребите на корисниците, по нивно барање,
- воспоставува, води и одржува статистички збирки на податоци,
- самостојно и во соработка со други овластени носители реализира проекти од областа на државната статистика,
-врши надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон,
- врши популаризација на статистиката и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.
Државниот завод за статистика подготвува Предлог верзија на Петгодишната програма за статистички истражувања. Програмата ја донесува Владата на Република Северна Македонија. Исто така по предлог на Заводот Владата ги донесува и статистичките стандарди (класификации, номенклатури и др.)Постапката на подготовка на наведените акти се води со активно учество на овластените носители, корисниците на статистичките податоци и други учесници.

## 4. ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА СООПШТЕНИЈА ЗА ОСТВАРЕНИ ОФИЦИЈАЛНИ СРЕДБИ И СОСТАНОЦИ

Државниот завод за статистика на официјалната веб страница www.stat.gov.mk редовно ќе објавува соопштенија за сите остварени официјални средби и состаноци, без разлика дали средбата/состанокот е со цел лобирање или е со друга цел. Надлежен за објавување на соопштенијата е Советникот за информираење, односно Координаторот на Секторот за дисеминација
Соопштението го објавува веднаш, а најдоцна во рок од 3 работни дена по одржување на официјалната средба, односно состанок.

Во соопштението за остварените официјални средби и состаноци, се содржани следните податоци:

ОСТВАРЕНИ СРЕДБИ/СОСТАНОЦИ СО ЦЕЛ ЛОБИРАЊЕ

1. датум, време, начин и место на остварување на средбата/состанокот;
2. да се наведе дека средбата/состанокот е со цел лобирање;
3. име, презиме и функција на лицето/лицата кај кои се лобира, други претставници на Државниот завод за статистика кои учествувале на средбата/состанокот;
4. име и презиме на лобистот/назив на лоби организацијата – кои учествувале на средбата/состанокот;
5. податоци за нарачателот на лобирањето;
6. краток опис на предметот на лобирање за кој се дискутирало на средбата/состанокот;
7. краток опис на документацијата споделена во врска со предметот на лобирање и
8. фотографии/видео запис од средбата/состанокот (по можност)

СРЕДБИ И СОСТАНОЦИ ОСТВАРЕНИ СО ДРУГА ЦЕЛ

1. датум, време, начин и место на остварување на средбата/состанок;
2. цел на средбата/состанокот;
3. име, презиме и функција на претставникот/ците на Државниот завод за статистика кои учествувале на средбата/состанокот;
4. име, презиме/назив на правно лице/ на учесниците со кои е одржана средбата/состанокот и во кое својство учествувале;
5. краток опис на предметот на дискусија на средбата/состанокот;
8. краток опис на споделената документација (доколку постои) и
8. фотографии/видео запис од средбата/состанокот (по можност).

Објавените соопштенија за остварените официјални средби/состаноци ќе бидат достапни на официјалната веб-страница во период од пет години од денот на објавувањето.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа процедура имаат обврска да ја почитуваат сите лица вработени во Државниот завод за статистика, без исклучок.

За непочитување на одребите од Законот за лобирање, предвидена е глоба, согласно одредбите во Законот за прекршоците.

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на веб страницата на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk.

Во рок од 30 дена од денот на донесувањето на оваа процедура, Државниот завод за статистика ќе ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата за утврдените правила и процедури и ќе го достави овој правилник заради објавување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

**Државен завод за статистика**
**в.д. Директор**
**Апостол Симовски**